Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 94/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.04.2024 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ го донесе следнава:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Видео сторијата објавена во онлајн медиумот ПорталХ (portal x.mk), со наслов „Пропагандната машинерија на Груевски во рацете на Мицкоски, еве го оперативниот план“ на 02.04.2024 г., не отстапува од етичките стандарди.

## ЖАЛБА

Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ на 03.04.2024 поднесе претставка до Извршната канцеларија за Жалбената комисија на СЕММ, во која се наведува дека во оспорената содржина има елементи на неточно и нефер известување, незастапена втора страна, говор на омраза, мешање на факти и коментари, како и пристрасност во известувањето.

Во претставката се наведува:
„Почитувани, би сакале да ве информираме дека веста е КОМПЛЕТНА измислица. Од првата до последната буква. Комплетна лага. Тотална невистина. Ниту постои таков план, ниту постои таков документ. Фалсификуван е документот, фалсификувани се потписите. Кој и како има интерес да направи ваков фалсификат не е предмет на наш интерес, точноста на бројките од анкетите ќе се види за 20 дена од денес – но, чинот е срамен и потсетува на т.н. „афера за лични карти“ според која наводно ВМРО-ДПМНЕ организирало печатење лични карти, за на крај да се испостави дека „фабриката“ е во куќата на Чауш од СДСМ. Повторуваме, веста е комплетна, целосна, апсолутна невистина и голем фалсификат“.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

До Жалбената комисијата на СЕММ, преку Извршната канцеларија на 09.04.2024 е упатен одговор од медиумот, во кој во целост се отфрлаат наводите од жалбата. Притоа, меѓу другото, е наведено:

Документот кој што е објавен е добиен од доверлив извор. Документот е за оперативниот план за претстојните избори каде што има елементи на злоупотреба на лични податоци, злоупотреба на државни институции и мешање на друга држава во нашиот изборен процес. Тој документ е потврден и во пракса како што е делот за формирање на емисија каде што ќе се анализираат анкетите на ИПИС на националниот сервис. Тоа веќе се прави. Документот е потврден и со стенограмите на состанокот на Извршниот комитет каде што еден од посочените лица известува за текот на имплементирањето на тој оперативен план. Исто така ПорталХ поседува и други докази кои што ќе се објават и кои што го потврдуваат документот. Според документот, Г. Владимир Божиновски треба да се надомести преку општините. Токму во тој период општина Гази Баба објави тендер за мерење на јавното мислење.

ПорталХ ја информираше јавноста дека не доби одговори од Владимир Божиновски и не го доби одговорот од Националниот сервис, иако поднесе барање за пристап до информации со јавен карактер.

Иако добивме барање да се извиниме и да ја демантираме веста, редакцијата на ПорталХ смета дека нема што да се демантира ако се базираме на конференциите за медиуми на партијата ВМРО ДПМНЕ. Имено истата партија нагласува технички грешки кои што се правени од самиот автор на тој оперативен план, а ако ние преправавме било што тогаш ќе

можевме да бидеме обвинети за фалсификат. Па така, со тие граматички и технички грешки документот беше објавен.

...Новинарот во овој случај само ја објавува информацијата која што ја добива од висок член на партијата. Ако подносителот смета дека коментарите на нашите социјални мрежи се недолични или пак поттикнуваат говор на омраза, ве информираме дека ПорталХ има екипа од 5 вработени и не може да постигне и да брише коментари. Има поставено филтер за селекција на коментарите со навредлива содржина, но сепак нашиот народ е креативен во тој аспект и ги избегнува тие филтри.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Со сторијата со наслов „Пропагандната машинерија на Груевски во рацете на Мицкоски, еве го оперативниот план“ објавена во ПорталХ на 02.04.2024, не се прекршени етичките правила, поточно не е прекршен некој од членовите од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот текст и видео сторијата поврзана со него и најпрво едногласно утврди дека без сомневање станува збор за тема од највисок јавен интерес. Станува збор за сторија во која се објавува наводен оперативен план на една од двете најголеми партии во државата за тоа како да се изманипулира јавното мислење, меѓу другото и со правење на лажни вести и со анкети од еден институт за истражување на јавното мислење кој редовно прави анкети и за таа политичка партија, како и за вмешување во оперативниот план и на јавниот сервис, Македонската Радио Телевизизија - МРТ.

Комисијата притоа констатираше дека не е нејзина задача да ја утврдува вистинитоста на документот – дали станува збор за фалсификат или не, бидејќи тоа е задача надвор од надлежностите на Комисијата. Комисијата за жалби разгледуваше дали медиумот при изготвувањето на сторијата ги следел правилата што се опишани во Кодексот на новинарите со цел да се задоволи професионалното и етичко однесување на медиумите во пласирањето на информации од јавен интерес на одговорен начин, т.е. на начин на кој медиумот ќе пласира кредибилна информација насочена кон граѓаните. Од тука, Комисијата се фокусираше на членот 1 од Кодексот кој гласи:

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Мнозинството од членовите на Комисијата сметаа дека медиумот, т.е новинарите што ја подготвувале сторијата биле уверени дека објавениот документ што го добиле, како што самите велат, од доверлив извор е кредибилен. Притоа, како еден од начините на дополнителна проверка, ги разгледале повеќето специјализирани емисии објавен на националниот сервис, од кои извлекле делови што се компатибилни со тврдењето во документот.

Исто така, мнозинството од членовите на комисијата беа на ставот дека медиумот со упатени прашања до одговорното лице во Институтот што извршува и ги презентира податоците од истражувањата, како и до главното и одговорно лице на националниот сервис МРТ, ги задоволил минимум од обврските пропишани во член 1 од Кодексот за проверка на информацијата од повеќе страни, односно бил видлив напорот на медиумот за обезбедување т.н. втора страна.

Дел од членовите на Комисијата сметаа дека медиумот можел и требал да упати барање за коментар до раководството на политичката партија за чиј документ пишува, што како најпосакувана опција за професионалното новинарство во дадениот случај го потврдија сите членови на комисијата.

Сепак, поради огромниот јавен интерес за темата, мнозинството од Комисијата сметаа дека медиумот со објавување на сознанијата до кои дошол постапил етички и притоа не прекршил кој било член од Кодексот, пред се, затоа што основна задача на медиумите и новинарството е да ги објавуваат сознанијата до кои ќе дојдат, а кои се значајни за општеството во целина. Се разбира, после минимум нужни проверки на добиените сознанија во насока на нивната кредибилност.

Исто така, членовите на Комисијата имаа предвид дека медиумот оваа сторија ја објавува како прв дел, како и тврдењето на медиумот дека поседува и други релевантни аргументи и факти во прилог на кредибилноста на сознанијата што ги објавил. Комисијата го прифати појаснувањето од медиумот дека побарал и не добил одговор од два клучни субјекти во сторијата, посебно јавниот сервис.

Комисијата не се согласува со образложението на медиумот дека се оградува од негативните коментари на социјалните мрежи поради малиот број на новинари во редакцијата и потсетува дека тоа е обврска на медиумите содржана и во Насоките за етичко известување на онлајн медиумите и притоа му укажува на медиумот да ги отстрани коментарите со навредлив речник и непримерен говор што заличува на говор на омраза.

***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595